# НАЦРТ НА ЗАКОН ЗА РЕГИСТАР НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

**-кратка информација-**

***Скопје, мај 2023***

Предмет на оваа кратка информација е содржината на Нацрт-законот за воведување на регистар на задолжително социјално осигурување (во натамошниот текст РЗСО).

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

**Нацрт-законот е предвиден со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.**[1]

На 6 април 2023 година на веб-страницата на ЕНЕР е објавено известување за почеток на процесот за подготовка на нацрт закон за регистар за задолжително социјално осигурување.

На 13 април 2023 е објавен Нацрт-извештај за проценка на влијанието на регулативата во врска со донесување на законот за регистар за задолжително социјално осигурување.

Овој нацрт-извештај ја нагласува потребата од воведување на регистар за задолжително социјално осигурување и дава опис на проблемите со кои институциите се соочуваат во врска со прашањата од оваа област.

Согласно нацрт-извештајот, сегашниот систем за регистрација и евиденција на задолжителното социјално осигурување е неконзистентен и неефикасен [2]. Различните институции имаат слични надлежности, при што во голема мерка активностите и податоците кои тие ги обработуваат се дуплираат и повторуваат. Управувањето со податоците за социјалното осигурување е фрагментирано, при што секоја институција дејствува на автономен начин. Потпирањето на билатерални договори и отсуството на системски интегрирани контроли, доведува до тоа секоја слабост во овие меѓу институционални процеси неминовно да има за резултат различни регистри на податоци, кај различни институции од значење за системот за задолжително социјално осигурување и тие да не се синхронизираат во реално време. Наплатата на придонесите за социјално осигурување го врши Управата за јавни приходи (УЈП), но УЈП не води

[1] *Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија*. Влада на Република Северна Македонија. https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/godishna_programa_za_rabota_na_vladata_na_rsm_za_2023.pdf (пристапено на: 3.5.2023)

[2] *Нацрт-извештај за проценка на влијанието на регулативата на нацрт на Закон за регистар на задолжително социјално осигурување*. ЕНЕР. https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79373

регистар на социјално осигуреници, туку само даночен регистар[3]. Има многу пропуштени врски во тековите на податоци меѓу различните регистри кои се водат во различни институции за потребите на задолжително социјално осигурување. Ова може да доведе до празнини во исплатите на придонесите од задолжително социјално осигурување, а со тоа и до обезбедување на осигурените лица во поглед на остварување на нивните права, особено на правата кои се поврзани со нивното пензиско осигурување и тоа во задолжителниот ФПИОСМ и во ПЗПФ. Недостатоците во податоците за плаќање придонеси и/или неточните податоци од формуларите за регистрација и известување може да доведат до долги одложувања во утврдувањето на статусот на осигуреното лице од страна на ПИОМ како задолжителен учесник во распределбата на средствата наменети за членовите во ПЗПФ од пензискиот столб 2.[4]

**Целта** на овој закон е да се воспостави нов единствен унифициран регистарски систем во кој на едно место ќе се собираат и чуваат сите податоци кои се однесуваат на задолжителното социјално осигурување, да се елиминираат слабостите на сегашниот систем и да се креира нов ефикасен систем на долг рок. При тоа, регистрацијата во системот на социјалното осигурување ќе биде унифицирана, поедноставена и централизирана постапка и процедура со што услугите од системот на социјалното осигурување ќе се обезбедуваат побрзо и поквалитетно.

Под „регистар на задолжително социјално осигурување“ се подразбира регистар на податоци за сите субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување, додека пак „субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување“, се осигурениците и обврзниците за пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување.

Регистарот за задолжително СО ќе се состои од:

- податоци за идентификација на физички лица;
- податоци за идентификација на правни лица;
- податоци за осигуреници;
- податоци за пријава, одјава односно промена на осигурениците,
- податоци за пресметани и уплатени придонеси за задолжително социјално осигурување и
- податоци за регистрационите агенти.

Со регистарот за задолжително социјално осигуругање ќе раководи управа. Управата ќе биде орган во состав на Министерството за труд и социјална

[3] Нацрт на закон за регистар за задолжително социјално осигурување. ЕНЕР. https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79373 (пристапено на: 3.5.2023).
[4] *Ибид.*

политика, со својство на правно лице. Управата своите надлежности ќе ги спроведува на целата територија на Република Северна Македонија со седиште во Скопје.

Надлежностите на Управата **ќе опфаќаат** воспоставување, водење и одржување на база на податоци на РЗСО, евиденција на осигуреници и останати субјекти кои учествуваат во системот на задолжително социјално осигурување, доделување единствен регистарски број на сите осигуреници кои по било кој основ влегуваат во системот на задолжително социјално осигурување и по тој основ се евидентираат во РЗСО, пријава, промена и одјава од задолжителното социјално осигурување на осигурениците, евиденција на обработени податоци за наплатени придонеси од задолжително социјално осигурување.

Изработила: Фросина Дониновска Сусинов
Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

_______________________
м-р Златко Атанасов

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија. Влада на Република Северна Македонија. https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/godishna_programa_za_rabota_na_vladata_na_rsm_za_2023.pdf
2. Нацрт Извештај за проценка на влијанието на регулативата за подготовка на нацрт на Закон за регистар на задолжително социјално осигурување. ЕНЕР. https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79373
3. Нацрт на закон за регистар за задолжително социјално осигурување.ЕНЕР. https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79373


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој
ги користи
услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и
дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од
корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому
му се поднесува
барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот,
истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот
при добивањето на барањето и во текот на изработката на
истражувачката работа)
Какви услуги
и препорачан
минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат
истражувачките
работи?
истражувачките работи се од информативна
природа, политички неутрални и објективни, се
фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту
сугерираат решенија
Што
не може да
биде
побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во
Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384